ФИЛМ

# SOLARIS

пишува: Јанко Илковски

Првпат го гледав Соларис кога бев сосема мал, многу не разбирав, во она време, во социјализмот, кога понеделник беше резервиран за драми и кога работничката класа си легнуваше многу рано, што од умор, што заради немањето ништо поубаво да се гледа и што попаметно да прави. Тогаш, на црно-белиот телевизор го изгледав првиот дел од филмот и премрев од страв. Имено, очекувајќи дека е тоа научно-фантастичен филм, самата помисла за космонаути и ракети беше доволна да ги разигра фантазиите во мојата глава, но нејсе, наместо тоа: мртви кои во живот се враќаат. А космонаутите-јунаци (барем беа за мене) премрени од страв не знаат што да прават и како да се справат со нив. И толку - толку ми фаќаше „црпката" во тоа време. 15 години подоцна, како возрасна и релативно „интелигентна" особа, го изгледав филмот на Тарковски по вторпат, некоја година откако ја примив верата и се крстив. Останав попарен, дамлосан во рацете и нозете, не можејќи да се ослободам од силниот притисок на сугестивноста која филмот така безобѕирно ми ја плесна в лице, оставајќи ме истовремено и без здив; цела недела не можев да гледам ништо друго, ни слика, ни ТВ, ништо...

Но наместо да забегувам во некаков религиозен мистицизам, побрзав да ја најдам книгата на Станислав Лем, **Соларис**, според која е снимен филмот. Е, тогаш се отворија сите замандалени врати, порти некаде во пределот на предниот резанок на главата, да не кажам интелектот.

Книгата јасно и недвосмислено говореше за обидот на човекот да комуницира со неразбирливото за него, непоимливото, со она што има моќ и интелект неброено повеќе пати од него; непоимливо, кое имаше толку многу грижа и љубов за оние што се обидуваа да комуницираат со него што дури и мртвите им ги враќаше во живот само за да им укаже непосредно дека Тој е тука, чудата се реалност и дека од Него, за љубов на тие што Го бараа, чудата ќе им бидат и направени.

Потоа се фрлив во читање научна фантастика и прочитав стотици книги, но не најдов ниедна што беше барем блиску по својата сугестивност до книгата на Лем.

30 години по Соларис, Стивен Содерберг ја снима својата верзија на истоимениот филм, и си реков: „Како е можно сега пак глуп американец воопшто да прави нешто слично?" Тогаш бев под силно влијание на руско-православното лоби кое тврдеше, нели, сѐ што снимаат руските ни браќа по вера во себе носи некоја скриена православна порака и суптилност која само на одбраните и продуховените им се укажува, дека само русот знае, и допрел до најдлабоките тајни на битисувањето и слични тресења празна слама. Сепак тоа беше дел од моето патешествие во животот наречено 'зреење', низ центарските кафеани низ Скопје.

Фала Му на Бога, успеав да се ослободам од таквиот начин на размислување многу бргу и уживав во секој убаво стокмен филм, не грижејки се многу дали во него има „созерцување или прелестување”. Впрочем, кога е во прашање уметноста, особено филмот, за мене важи само едно правило:

- филмот мора да ме кутне на седиште за да го изгледам без здив од почеток до крај. Како што само Серџо Леоне знаеше тоа редовно да ми го направи.

Дури потоа можев да разговарам за уметничките аспекти на иститот, ако ги има, а ако требаше го гледав и по 2 - 3 пати, на особено задоволство. Сепак, Тарковски го ставив во фиоката: Легенди - не чепкај!

Но кога лани ми падна во раце ДВД-то од најновиот проект на Содерберг во кој главната улога ја глуми Џорџ Клуни, не ми требаше многу за да бидам меѓу првите што го изгледаа, и покрај заканите на дел од клиентелата на локалната видеотека кои за иститот филм реагираа: што сте ми дале - глупости!!! ќе ви го акнам од глаа! Искрено, се плашев да не видам сега некоја верзија на Соларис во С т а р  т р е к фазон, но после првото гледање ми олесна, бев пресреќен што претчувството ми беше вистинско, наместо вселенски супер спектакл на разни филмски ефекти, изгледав ремек дело на најсофистицирани меѓучовечки релации и нивното справување со непознатото. Единствено што некој успеа да ги допре тие длабочини од западните автори беше само Кјубрик во Одисеја 2001, но тоа е веќе друга приказна, или дали воопшто е?

И сега што да ви кажам? Наместо сега да навлезам во латинизми и старословенски фрази, како што тоа редовно нашите дежурни интелеткуалци ни се обраќаат, повеќе со намера да го напумпаат сопственото его одошто да пренесат искрена емоција или став околу филмот, јас не можев да поверувам на она што Содерберг го ставил на филмска лента од преку два часа.
Ако треба да го опишам филмот најкратко што можам, би го кажал следново:

Со длабок поклон кон делото на Тарковски и неговиот филм, а во исто време во својот силен авторски белег, Содерберг успеал да направи она што само на иконописците им успева да го направат: да насликаш нешто што е свето, нешто што е највредно, неизговорливо, да насликаш љубов и патоказ, нешто што досега во историјата било многу пати насликано од други, па сепак да направиш ремек-дело и да оставиш силен белег на сопствениот творечки гениј. Филмот ја вози истата приказна, и исто толку бега од книгата на Лем колку што тоа го прави и Тарковски, но сепак успева да најде еден сосем нов и оригинален агол и да го стави акцентот на важноста на една сосема друга точка толку важна во нашето живеење, есенцијална за нашето спасение: Простувањето.



Strange occurrences -- and a love he thought he had left behind -- await Chris Kelvin (George Clooney) upon his arrival at a distant space station.
Photo by Bob Marshak - © 2002 - Twentieth Century Fox - All Rights Reserved

Доагање на станицата 'Solaris'

**Последната сцена во филмот:**

**Мажот:** *Дали сме мртви?*
**Жената:** *Не треба така да размислуваме, важно е дека сѐ што сме сториле и кажале ни е простено.....сѐ...*

Една ваква психо-драма може да биде ставена само во жанрот на научната фантастика, бидејќи е невозможна одржливоста на односите меѓу ликовите, нивната драма на соочување со најсаканите кои сме ги изгубиле, и повторно преживување на она што го сториле, од кое се носат најтешките самообвинувања заради нивните постапки со кои се соочуваат, а кои ги сметаат за причина и сопствен грев заради губењето на најмилите.

Покајанието ги обликува нашите дела во иднина, во било кој друг жанр или облик, затоа и мистичното појавување на саканите кои умреле не е само чин на љубов и услишување на пусти желби туку и пат за наше спасување преку покајание!

Во ‘Соларис’ во ниеден миг не се напушта основата која Тарковски ја постави во својата верзија: Што е човекот, кои се неопходните атрибути кои нѐ прават она што сме: стравот? Болката?...




Секако, тоа е пред сѐ љубовта, како основен предуслов кој нѐ прави вредни за овој живот воопшто, но Содерберг прави и драматуршка пресвртница преку убиството на клонот што го убива својот оригинал, својот брат со ист лик, свесен дека истиот е подобар од него (Каин и Авел)? Секако, секоја личност знае дека е уникатна и единствена во просторот и времето дадена од Бога, дека соочувањето со себе е борба, која ако не се добие доведува до шизофрена состојба (*Убив човек, човек кој личеше на мене* - Future Sound of London), и секако, до прагревот на отпаѓањето од Бога, кое нѐ прави крвници кои посегнуваат по туѓ живот.

По гледањето на оваа верзија Станислав Лем изјави дека сепак и овој филм не ја пренесува суштината на книгата; сепак, филмот на Содерберг е приказна за срцето и она што човекот го носи во него, додека книгата е фасцинација на вишиот интелект соочоен со човековиот и, понекогаш, со јаловите обиди да се разбере неразбирливото.

И така, „глупиот амриканец”, „трулиот капитализам” и „центарот на злото” успеа да направи филм, софистициран, прекрасно естетизиран, кој по којзнае кој пат далеку ги надминува критериумите на просечниот холивудски продукт, а кој европскиот, па и рускиот филм, се обидуваат да ги наметнат за филмот да стане повеќе од обична сликовница во која се раскажува приказна. Сепак, во суштина филмот е тоа, раскажување приказна, а Содерберг во 10-ина филмови нананзад успеа да ни покаже дека е голем еснаф во својот занает и дека филигранското обликување и суптилната естетика (ете и јас ко квази-интелетуалците забегав во латинизми), може да има и големо медиумско покритие - обраќање на најшироката публика. За волја на вистината, американската публика бргу ги стивна своите страсти околу филмот и се замолкна пред она што не го разбра, и иако сфати дека се работи за филм чии квалитети се далеку повисоки дури и од еден оскаровец, сепак молчи во своето незнаење, освен онаа заедница на филмски љубители кои со воодушевување го дочекаа истиот и сѐ уште говорат за него. Како и да е, **Соларис** не е филм за секого, но дефинитивно треба да се обидете да го погледнете.